The European Law Students' Association

***Врз основа на член 18 од Законот за здруженија и фондации (Службен Весник на РМ, бр. 52 од 16.04.2010) на ден 08.05.2012 година, Собранието на Здружението на граѓани Европско Здружение на Студентите по Право во Република Македонија донесе измени, дополнувања и усогласување на:***

# *СТАТУТ*

***на***

***Здружението на граѓани Европско Здружение на Студентите по Право во Република Македонија***

## *1. ОПШТИ ОДРЕДБИ*

***Член 1***

*Здружението на граѓани Европско Здружение на Студентите по Право во Република Македонија е здружение на граѓани кое ги опфаќа студентите по право од сите државни и приватни факултети по право во Република Македонија со цел да ги промовира, развива и воспоставува взаемно разбирање, кооперација и лични контакти меѓу студентите по право и младите правници, да ја развива нивната мобилност во меѓународни рамки и да ги подготвува за професионална кариера.*

***Член 2***

*Здружението на граѓани Европско Здружение на Студентите по Право во Република Македонија е самостојно, непартиско, секуларно, непрофитабилно здружение во кое членуваат студенти по право и млади правници.*

*Здружението на граѓани Европско Здружение на Студентите по Право во Република Македонија е отворено за сите без разлика на национална, верска, расна и друга припадност.*

***Член 3***

*Името на здружението е:*

***Здружение на граѓани Европско Здружение на Студентите по Право во Република Македонија***

*Скратено име е:*

***ЕЛСА***

*Седиштето на ЕЛСА е на Правниот факултет во Скопје на улица:*
***Бул. Крсте Мисирков бб, Скопје, Република Македонија***

***Член 4***

*ЕЛСА е граѓанско правно лице со права, обврски и одговорности во согласност со Законот и овој Статут.*

***Член 5***

*ЕЛСА има свој знак, печат и штембил.*

*Знакот на ЕЛСА е со мали, ракописно напишани на латиница букви: **елса**.*

*Печатот на ЕЛСА е во кружен облик во кој е напишано името Европско Здружение на Студентите по Право во Република Македонија – Скопје и во средина стои знакот ЕЛСА.*

*Штембилот има правоаголна форма и го содржи името: Европско Здружение на Студентите по Право во Република Македонија, број, дата и место.*

***Член 6***
*Работата на ЕЛСА е во согласност со Уставот и Законите на Република Македонија и меѓународните акти ратификувани од Собранието на Република Македонија.*

***Член 7***
*Работата на ЕЛСА е јавна.*

*Јавноста на работата се обезбедува со внатрешно информирање на членовите на ЕЛСА, информирање во јавните гласила и други видови на информирање.*

*За својата работа ЕЛСА одговара пред своите членови и законите.*

## *2. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ*

***Член 8***
*Целите и задачите на ЕЛСА се:*
*- да промовира, воспоставува и развива взаемно почитување, соработка и лични контакти меѓу студентите по право од земјата и странство;*
*- да ги подготвува студентите по право и младите правници за професионален живот во земјата и странство;*
*- да придонесува во реализацијата на визијата за праведен свет каде се има респект за човечкото достоинство и културната разноликост;*
*- да дава можност студентите по право и младите правници да ги изучуваат другите правни системи во духот на критички дијалог и научна соработка;*
*- да придонесува во правното образование, да го охрабрува взаемното разбирање и почитување и да промовира општествена одговорност на студентите по право и младите правници;*
*- да им помага на студентите по право и младите правници да бидат меѓународно ориентирани и професионално обучени;*
*- да ги поттикнува студентите по право и младите правници да дејствуваат за промовирање на вредностите на правната држава и демократксиот развој;*
*- за реализација на овие цели и задачи ЕЛСА е активна во секое поле што ги афирмира истите цели.*

***Член 9***
*Целите и задачите ЕЛСА ги остварува преку семинари и конференции, академски активности, размена на искуства и знаења на студентите од разни правни системи, организира јавни дебати и тркалезни маси.*

## *3. ЧЛЕНСТВО НА ЕЛСА*

***Член 10***
*Членството на ЕЛСА може да биде редовно и почесно.*

***Член 11***

*Редовен член на ЕЛСА може да биде секој студент по право , постдипломец и млад правник кој ги прифаќа правилата, програмата и Статутот на ЕЛСА и да е државјанин на Република Македонија.*

*Редовен член на ЕЛСА се станува со потпишување на пристапница.*

***Член 12***

*Секој член на ЕЛСА има членска карта и е должен редовно да плаќа членарина.*

*Паричниот износ на членарината го определува Извршниот Одбор на ЕЛСА.*

***Член 13***

*Членовите на ЕЛСА имаат право да бираат и да бидат бирани во органите на ЕЛСА; должни се да го почитуваат Статутот и другите акти на органите на ЕЛСА; да го штитат угледот и честа на ЕЛСА.*

*Членовите на ЕЛСА имаат право на увид во материјално-финансиското работење на Извршниот Одбор и Надзорниот Одбор на ЕЛСА.*

*Членовите на ЕЛСА имаат право да учествуваат во проекти доделени на ЕЛСА. За изборот на членови кои ќе земат учество во проектните акивности на ЕЛСА, одлучува Извршниот Одбор на ЕЛСА.*

*За својата работа одговорни се пред Извршниот Одбор и Собранието на ЕЛСА.*

***Член 14***

*Почесно членство им се доделува на оние лица кои со своите активности и помогнале на ЕЛСА или делувале за реализацијата на целите и задачите на ЕЛСА.*

*Одлука за доделување на почесното членоство донесува Изврниот Одбор на ЕЛСА.*

***Член 15***

*Членството во ЕЛСА може да престане доброволно, со исклучување од Здружението и по принцип на автоматизам.*

*Се смета дека членот истапил од ЕЛСА ако тоа на писмено го изјави.*

*Членот на ЕЛСА ќе биде исклучен со одлука на Собранието доколку:*
*- го крши Статутот и другите акти на ЕЛСА;*
*- потешко ги повреди честа и угледот на ЕЛСА.*

*Членството во ЕЛСА престанува по принцип на автоматизам ако членот не ја обновил својата чланарина во период од шест (6) месеци по истекот на истата.*

*Предлог за исклучување на член од ЕЛСА можат да поднесат Извршниот Одбор и Претседателот на ЕЛСА.*
*Извршниот Одбор може да суспендира член до првото наредно Собрание на ЕЛСА.*

## *4. ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА*

***Член 16***
*Органи на ЕЛСА се:*
*- Собрание на ЕЛСА;*
*- Извршен Одбор на ЕЛСА;*
*- Надзорен Одбор на ЕЛСА.*

***Член 17***
*Собранието на ЕЛСА е највисок орган на Здружението кое го сочиуваат сите членови на ЕЛСА со уредно регулирана членарина.*

*Право на глас на Собранието имаат члеовите кои се зачленети најмалку два (2) месеци пред одржувањето на Собранието.*

*Правото на толкување и состанување на единствениот избирачки список го има Извршниот Одбор кој е должен истиот јавно да го објави најмалку седум (7) дена пред одржувањето на Собранието.*

***Член 18***
*Собранието на ЕЛСА работи на седници.*

*Термините за одржување на Собранието ги одредува Претседателот во согласност со Извршниот Одбор.*

*Извршниот Одбор на ЕЛСА е должно да свика седница на Собрание најкасно 30 дена пред завршувањето на мандатот на членовите на Извршниот Одбор.*

*Извршниот Одбор на ЕЛСА може да свика седница на Собранието по своја иницијатива, а задолжително доколку тоа го бараат најмалку 1/3 од членовите на Собранието.*

*Вонредната седница на Собранието од ставот 4 на овој член се одржува најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за одржување.*

*Собранието на ЕЛСА должно е да одржи седница најмалку еднаш (1) годишно.*

*Сите одлуки Собранието ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број присутни членови во Собранието, но тоа не треба да биде помалку од 1/3 од вкупниот број на членови на Собранието.*

*Работата на Собранието поконкретно е одредена со Деловникот за работа на Собранието.*

*Собранието ги прифаќа дневниот ред на Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број на присутни членови во Собранието, но тоа не треба да биде помалку од 1/3 од вкупниот број на членови на Собранието.*

***Член 19***

*Собранието на ЕЛСА:*
*- го донесува, изменува и дополнува Статутот на ЕЛСА и Деловникот за работа;*
*- ја разработува општата политика и донесува планови и програма;*
*- ги усвојува годишните извештаи и финансиските извештаи за работата на ЕЛСА и ги објавува на својата веб страница;*
*- го оценува извештајот на активностите и финалната состојба;*
*- избира и разерешува Претседател, Потпретседател и Генерален Секретар на ЕЛСА;*
*- избира и разрешува Извршен Одбор на ЕЛСА;*
*- избира и разрешува Надзорен Одбор на ЕЛСА;*
*- на предлог на Извршниот Одбор избира Изборна комисија која го спроведува процесот на гласање, кој е утврден со Деловникот за работа на Собранието;*
*- извршува и други активности предвидени со Статутот и други акти во согласност со Статутот;*
*- доставува финансиски извештај на надлежниот орган на државната управа, односно до органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во случаите кога користи средства од Буџетот н Република Македонија, односно на буџетите на единиците на локална самоуправа;*
*- одлучува за промена на целта на здружението;*
*- одлучува за внатрешната организација и организационите форми на органи на здружението;*
*- врши и други работи во согласност со статутот и актите на здружението.*

***Член 20***

*Извршниот Одбор е извршен орган на ЕЛСА кој своите права и должности ги извршува согласно Статутот и другите акти на ЕЛСА.*

*Извршниот Одбор на ЕЛСА се избира по пат на тајно гласање, со исклучок на Потпретседателот и Генералниот Секретар.*

*Член на Извршен Одбор на ЕЛСА може да биде секој член на ЕЛСА кој:*
*- е член на ЕЛСА најмалку шест (6) месеци;*
*- редовно го регулира своето членство;*
*- активно учествува во сите проекти на организацијата;*
*- не е член во органите на некое друго здружение или фондација.*

*Извршниот Одбор се бира со мандат од една (1) година.*

*Извршниот Одбор полноправно работи ако има кворум од најмалку пет(5) члена.*

*Сите одлуки Извршниот Одбор ги донесува со мнозинство гласови.*

***Член 20-а***

*Функцијата Претседател на ЕЛСА и член на Извршен Одбор на ЕЛСА престанува со:*
*- истекување на мандатот за кој е избран;*
*- оставка;*
*- разрешување од страна на Собранието на ЕЛСА;*
*- трајна спреченост или смрт.*

***Член 21***
*Извршниот Одбор на ЕЛСА:*
*- предлага краткорочни програми;*
*- предлага финансов план и начин на негово реализирање;*
*- се грижи за реализирање на платформата, годишните програми за работа и другите акти на Собранието;*
*- одлучува околу официјалните патувања;*
*- ги одредува принципите за внатрешна организација на ЕЛСА;*
*- го прдлага донесувањето и подготвувањето на нацртите и предлозите на општите акти на ЕЛСА;*
*- извршува работа за оживотворување, конкретизирање и реализација на овој Статут и другите акти на ЕЛСА;*
*- ги утврдува критериумите за избор на органите на ЕЛСА.*

*За својата работа Извршниот Одбор одговара пред Собранието на ЕЛСА.*

***Член 22***
*Претседателот на ЕЛСА ја претставува и застапува истата.*

*Претседателот на ЕЛСА се избира преку тајно гласање.*

*Претседателот се избира со мандат од една(1) година со право на реизбор.*

*За Претседател на ЕЛСА може да биде избрано лице кое:*
*- е член на ЕЛСА најмалку шест (6) месеци;*
*- не припаѓа на ниту една полиитичка партија;*
*- не е член во органите на ниту едно друго здружение или фондација;*
*- редовно си ја подмирува членарината;*
*- има активно работено на најмалку еден проект на ЕЛСА;*
*- активно го познава англискиот јазик;*
*- е државјанин на Република Македонија.*

*Претседателот на ЕЛСА раководи со седниците на Собранието и се грижи за одржувањето на редот и мирот на истите.*

*Претседателот во консултација со Потпретседателот и Генералниот Секретар ги подготвува, свикува, и претседава со седниците на Извршниот Одбор.*

*Претседателот на ЕЛСА ги извршува своите права и обврски согласно овој Статут.*

***Член 23***

*Претседателот на ЕЛСА ги има следните функции:*
*- ги спроведува одлуките и заклучоците на Извршниот Одбор на ЕЛСА;*
*- предлага Потпретседател и Генерален Секретар на ЕЛСА;*
*- ја организира и координира работата на ЕЛСА;*
*- склучува договори.*

*За својата работа Претседателот на ЕЛСА одговара пред Извршниот Одбор.*

***Член 24***

*Потпретседателот на ЕЛСА го заменува Претседателот на ЕЛСА во случај на негово отсуство, времена спреченост, смрт или трајна спреченост да ја извршува својата должност до првата наредна седница на Собранието на ЕЛСА.*

*За Потпретседател на ЕЛСА може да биде избрано лице кое:*
*- е член на ЕЛСА најмалку шест (6) месеци;*
*- не припаѓа на ниту една политичка партија;*
*- не е член во органите на ниту едно друго здружение или фондација;*
*- редовно си ја подмирува членарината;*
*- има активно работено на најмалку еден проект на ЕЛСА;*
*- активно го познава англискиот јазик;*
*- е државјанин на Република Македонија.*

*Потпретседателот на ЕЛСА ја врши должноста на благајник на ЕЛСА.*

*Потпретседателот се избира со јавно гласање на предлог на Претседателот.*

***Член 25***

*Генералниот Секретар на ЕЛСА ги има следниве должности:*
*- ги координира меѓународните активности;*
*- предлага реализација на проекти;*
*- врши други активности определени од Собранието и Извршниот Одбор.*

*За Генерален Секретар на ЕЛСА може да биде избрано лице кое:*
*- е член на ЕЛСА најмалку шест (6) месеци;*
*- не е член во органите на ниту едно друго здружение или фондација;*
*- редовно си ја подмирува членарината;*
*- има активно работено на најмалку еден проект на ЕЛСА;*
*- активно го познава англискиот јазик;*
*- е државјанин на Република Македонија.*

***Член 26***

*Надзорниот Одбор се состои од три (3) члена кои од своите редови избираат претседател.*

*Надзорниот Одбор на ЕЛСА врши надзор над работењето на здружението.*

*За член на Надзорниот Одбор може да биде избрано лице кое:*
*- е член на ЕЛСА најмалку (3) месеци;*
*- не е член во органите на ниту едно друго здружение или фондација;*
*- редовно си ја подмирува членарината;*
*- активно учествува во сите проекти на ЕЛСА.*

*Надзорниот Одбор врши увид на материјално – финансиското работење на ЕЛСА.*

*Сите одлуки Надзорниот Одбор ги донесува со најмалку два (2) гласа.*

*Надзорниот Одбор се избира за мандат од една (1) година.*

*За својата работа Надзорниот одбор одговара пред Собранието..*

## ***5. МАТЕРИЈАЛНО – ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ***

***Член 27***

*Финансиско - материјалното работење на ЕЛСА се води врз основа на финансиски план и пресметка на приходи и расходи.*

*Извори на финансиски средства се:*
*- членарина;*
*- донаторства;*
*- спонзорства;*
*- други извори.*

*Материјално – финансиското работење се врши врз основа на Закон и Статут.*

***Член 28***

*Изворите се користат за:*
*- реализација на програмски проекти;*
*- работа на органите;*
*- работа на техничките услуги.*

***Член 29***

*Имотот на ЕЛСА се состои од парични средства, подвижни и недвижни ствари.*

## *6. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ*

***Член 30***

*Одлука за престанок на здружението донесува Собранието со 2/3 мнозинство од вкупниот број членови на здружението и тоа:*

*- кога за тоа ќе одлучат членовите на здружението;*

*- кога бројот на членовите на здружението ќе стане помал од бројот на членовите потребен за основање;*

*- ако се утврди дека здружението престанало со работа.*

***Член 31***

*Во случај на престанок на работата на ЕЛСА целокупниот имот на ЕЛСА ќе биде доделен на Црвениот Крст на Република Македонија.*

***Член 32***

*Измени и дополнувања на Статутот се вршат на ист начин како и при донесувањето на истиот со одлука на Собранието на предлог на Извршниот Одбор.*

***Член 33***

*Право на толкување на овој Статут има Извршниот Одбор и Собранието на ЕЛСА.*

***Член 34***

*ЕЛСА може меѓусебно да се поврзува и здружува во сојузи или во други облици на поврзување или здружување, за заедничко унапредување на својата работа и активности, за усогласување на посебните и заедничките интереси, како и за остварување на други прашања од заедники интерес.*

*Сојузите и другите облици на поврзување или здружување на ЕЛСА можат да соработуваат и да се зачленуваат или поврзуваат во меѓународни организации, ако тоа не е во спротивност со Уставот и Закон.*

***Член 35***

*Овој Статут е донесен на 05.09.1997 година во Скопје, а е изменет, дополнет и усогласен со новиот Закон за здруженија и фондации (Службен весник на РМ, бр. 52 од 16.04.2010) на ден 08.05.2012.*

*Здружение на граѓани*
*Европско Здружение на Студентите по Право*
*во Република Македонија*

*ПРЕТСЕДАТЕЛ*
*Ана Велковска*

*08.05.2012, Скопје*